**До Министерство за труд и социјална политика**
**- Скопје**

**Предмет:** Вклучување во изготвувањето на Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

Почитувани

Во предвидениот рок ви доставуваме мислење по наведениот нацрт/предлог закон со сериозна забелешка дека начинот на кои сме вклучени и времето на располагање за давање на мислењата и забелешките е апсолутно незадоволително.

Бараме нацрт/предлог Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство да се преименува во „Закон за заштита од семејни дисфункции“, и во тој правец да се доработи. Доколку ова не биде прифатено, тогаш во законот да се вметне поглавје „Заштита од семејни дисфункции“, затоа што дисфункциите водат кон семејно насилство и истото ќе биде спречено само ако се реагира однапред или во рана фаза кога од дисфункциите не се појавиле последици.

Општо земено во текстот не се експлицитно наведени познатите и вообичаените начини на семејно насилство, ниту е разработено како ќе се справува со спречување психичкото насилство и вознемирување, остава простор за толкување, манипулација, долги и неизвесни управни и судски постапки. Тоа овој Закон го прави неделотворен и мачење за семејствата. Инаку кривичниот законик и кривичната постапка штитат од секакво насилство па и семејно. Но семејното насилство е специфично, меѓудругото по тоа што последиците можат да се појават многу години подоцна. Без оваа разработка, постоењето на овој закон станува бесмислено.

Законот не предвидува доволно подзаконски акти со што детално би се разработиле материи како на пример видовите на психичко насилство и вознемирување.

Стекнавме дојам дека психолози, педијатри и семејни лекари, психотерапевти, психијатри, социолози, педагози, социјални работници и НВО од граѓанскиот сектор не се соодветно вклучени во изготвувањето на текстот на закон. Ниту се консултирани такви стручни литератури, ни се земени предвид материјалите што нашето здружение ги доставуваше изминативе пет години. Тоа го прави недоречен и со многу недостатоци.

Не се сомневаме во добронамерноста на Секторот за социјална заштита но „Патот до пеколот е поплочен со најдобри намери.“ Со донесувањето на Законот за семејството во `92 само се зголемија разводите, семејното насилство и семејните трагедии, а најмногу се зголеми лажното пријавување на семејно насилство. Со овој закон, како е подготвен, во најдобар случај ќе остане сè исто или ќе се зголемат негативните трендови, а најлошо од сè, уште повеќе ќе се влоши семејната топлина. Сопружниците ќе го користат законот за меѓусебни пресметки и ништо друго. Децата ќе страдаат повеќе од било кога и ќе станат идни насилници.

Само за илустрација ќе спомнеме дека бројот на самоубиства кај младите е преголем, особено имплицитните, и нема подобрувања, а Секторот за социјална заштита се однесува како тоа да не е така. Изготвувачот на законот како да не е во контакт со граѓаните и не ги знае проблемите. Овој закон нема да ги спречи самоубиствата! Ублажувањето од семејните дисфункции и/или заштитата од нивните последици ќе го намали бројот на самоубиства и семејно насилство. Деликвенциите, декаденциите и семејните трагедии можат да се намалат само ако овој и неколку други закони се осмислат добро во интеракција со граѓанските организации. Но треба добра волја. Само така ќе се подобри и наталитетот.

Бараме, законот да се врати чекор назад, транспарентно да се изготви со екипа од петнаесетина разновидни експерти надвор од министерството и дури потоа да се вклучи јавноста.

Никој не спомна дека се готви ваков закон и роковите се мали за конструктивни забелешки. Нашите стручни екипи се волонтери и се на одмор. Сепак ви доставуваме мислење, коментари и предлози по Нацрт-текстот кој случајно го најдовме на интернет, со жалење што не цитиравме литература поради итноста на постапката. Воедно сакаме да ве известиме дека давање на предлози на веќе структуриран и пречистен текст е потежок начин да се дојде до квалитет отколку заедничко изготвување на текст.

Ве молиме во овој закон, меѓу другото, детално да ги разработите заштитата од социјално насилство и вознемирување, лажното пријавување семејно насилство, како и другите предлози во продолжение на писмово. Бараме да се воведат термините „психолошко малтретирање (мобинг) во семејството“ и „штетно влијание од родител“, што не се психолошко насилство, но се сериозна закана за душевното здравје, особено за децата.

Ние ги застапуваме интересите на децата и семејствата, бараме да бидеме постојано вклучени во работата на работната група, за да биде застапен и граѓанскиот аспект, и ве молиме за средби со надлежните.

Претседател
Веле Митевски

Во продолжение до шеснаесеттата страна следат, коментари, мислењата и предлози за дополнување овој нацрт закон, како и други предлози.

Алберт Ајнштајн рекол: „Нема сенс/смисол да се однесуваш исто или слично, а да очекуваш различни резултати или поинаков исход.“

"It's insane to repeat the same behavior while expecting a different outcome"

- Albert Einstein.

Состојбата со семејното насилство со години е многу лоша, а одделението за социјално правна заштита на децата и семејството неумоливо си тера по старо. До кога?

Предложениот нацрт-закон нема да ги заштити децата од семејно насилство туку ќе ги лиши од семејството. Ќе останат без семејство. Заедно со Законот за семејството ќе се уништи бракот и семејството како основна клетка, модел на живеење и институција. Бараме нешто темелно да се смени и сериозно да се доработи.

Што е тоа (семејно) насилство? Примери:

- На дете да му поставиш оброк за двајца возрасни и да му се заканиш дека ако не го изеде тешко нему.

- Сосила да му даваш да јаде нешто што организмот не му сака. Науката кажува дека луѓето често се пречувствителни, нетолерантни и иритативни (алергични) на некоја `хранлива` состојка како лактоза, глутен...

- Прекинување. Науката кажува дека нагло и често прекинување на детето го осакатува трајно.

- Честата употреба на „не“ и негација исто така го осакатува детето.

- Игнорирање на конверзација со детето, не дружење, е многу сурово мачење.

- Постојано седење во затворени простории, предизвикува ментални нарушувања и болести.

...

Брачни и семејни дисфункции, тајните во семејството, најдобрите намери, душевно не прифаќање на партнер или дете, сопствените идеи и планови за нечиј друг живот, земање на улоги на жртва и спасител, сето тоа и многу други нешта се семејно насилство. За жал предложениот текст на законот не го третира тоа.

Некои од овие примери во моментот можеби не изгледаат како насилство, но резултатот од нив е: таквото дете станува иден насилник и/или жртва.

Листата на семејно мачење, што се случува во нашата култура, е многу голема. Често, најсуровото семејното насилство се прави несвесно и со најдобри намери. Овој нацрт закон нема да ја подбори семејната среќа ниту ќе го спречи најсуровиот вид насилство - душевното!

*„Менталното здравје на адолесцентите на разведените родители не е изложено на ризик. За менталното здравје на децата и адолесцентите поважни се функционалноста на семејството и кооперативниот однос на родителите отколку самата структура на семејството.“*

*Др. Драгана Батиќ*

Браковите што се емоционално разведени, а фактички останале во неподнослива заедница, кооперативниот однос на родителите може до таа мера да биде нарушен, што сериозно го нарушува менталното здравје на децата. За жал, центрите за социјална работа, со досегашните и предложените законски решенија, не се во состојба да ги заштитат ваквите деца.

„Емоционално здраво детство“

**Предлози за**

**нацрт/предлог законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство**

НАПОМЕНА:
*Закосените текстови се кратко објаснување или образложение за предложените одредби и тие се бришат во конечниот текст.*

1. Бараме нацрт/предлог Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство да се преименува во „Закон за заштита од семејни дисфункции", и да се доработи од корен. Доколку ова не биде прифатено, тогаш во законот да се вметне поглавје „Заштита од семејни дисфункции", затоа што дисфункциите водат кон семејно насилство и истото ќе биде спречено само ако се реагира однапред или во рана фаза кога од дисфункциите не се појавиле последици.

Зборовите „превенција, спречување" секако да се избришат од насловот. Едно што се синоними, друго се вишок во насловот. Со терминот „Заштита" опфатено е и спречувањето, макар што ако не се усвојат овие предлози, мерки и механизми за спречување семејно насилство речиси и да нема.

2. Во членот 2 после зборовите „Под семејно насилство се подразбира", се додаваат зборовите: „ вознемирување, судење, обвинување, застрашување, засрамување,"

Се додава став 2

„Семејно насилство е било каков инцидент или знаци на инциденти кои потекнуваат од господарење, принудување и/или заканувачко однесување, насилство или злоупотреба од страна на лице со наполнети 16 години со кое се или биле интимни партнери или од членови на семејството, без оглед на полот или сексуалната определба и ориентација.

Злоставувањето може да биде: психолошки, физички, сексуално, финансиски, социјално и емоционално.

Господарење се постапки што го прават другото лице потчинето и/или зависно, што се прави на начин што го остава без поддршка, го искористува него и неговите ресурси за лична добивка, го лишува од средствата потребни за независност, спротивставување, избегнување и управување со секојдневното однесување.

Принудување е постапка или знаци на постапки кои укажуваат на напад, закана, понижување, заплашување или друго лошо постапување што се користи да и се наштети, да се казни, да ја исплашат жртвата или да ја натераат да прави нешто против нејзина волја.

Во семејно насилство спаѓаат и подривање на честа и угледот, обрежување на женски гениталии и принудување на брак."

*Горните одредби се позајмени од новата Британска дефиниција за семејно насилство. The UK Government has announced a new definition of domestic violence, to cover domestic violence and abuse. The new definition will be implemented by March 2013.*

3. Во членот 3, алинеја 6, после зборовите „кое предизвикува чувство на страв“, се додаваат зборовите „вина, срам“.

Се додаваат нови алинеи (поими)

- **Психичко малтретирање** се душевни удари кои не спаѓаат во психичко насилство но се сериозна закана за менталното здравје, особено ако се повторуваат. На пример: често или нагло прекинување, постојано повторување на една иста реченица или фраза, сосила правење убави работи, постојан критички или арогантен вертикален однос, честа употреба на негација, емоционални закани, уцени и условувања...

**- Штетно влијание од родител** е однесување на родители кое не може да се окарактеризира или докаже како (психичко) семејно насилство или малтретирање, но го вознемирува детето или штетно влијае на неговите чувства, емоции, учење и работа, индивидуалност, самоопределување, раст и развој или социјален живот, или дава лош пример/воспитание.

- **Социјално насилство** се однесувања и постапки, особено кон деца, што го реметат социјалниот живот на жртвата и/или му развиваат не социјални особини. Социјалното насилство во зависност од сериозноста, во поглед на последиците што настанале или што може да настанат врз жртвата, се делат на: десоцијализација, асоцијализација и антисоцијализација.

**Десоцијализација** значи дека врз жртвата (детето) се правени такви постапки што го остава само, осамено, го прави без друштво или недруштвен, несамостоен, патолошки зависен од друг(и), или, дури и како возрасен, неснаодлив (неспособен) самиот да се справува со предизвиците на животот. Социјално здрав човек едновремено е (доволно) и друштвен и самостоен.

**Асоцијализација** значи дека врз жртвата се правени такви постапки што го направиле непријатен за друштво. На другите во неговата околина им предизвикува непријатни чувства и моменти. Правно гледано, не се сериозна закана за околината, но можат да бидат вистинска напаст за емоциите и убавото расположение, и да предизвикуваат душевна болка, скрб, психолошки трауми и стрес. Сериозна закана се за менталното здравје на членовите во семејството, особено децата.

**Антисоцијализација** значи дека врз жртвата се правени такви постапки што го прави (детето) антисоцијално односно опасно за општеството, особено кога ќе порасне. Антисоцијалните се крајно деструктивни и се сериозна закана за друштвото. Како последица им останало наталожен бес, патолошка недоверба во другите, низок степен на фрустрација, неможност да си го одложи задоволството (или задоволувањето на потребата). Прави деликвенти, брутално се заканува, тепа, убива, силува, монтира процеси, на друг начин загорчува туѓи животи (дури и без интерес/добивка) и сл.

4. Во член 13, во националното координативно тело да се предвиди по еден член од наведените институции и барем пет од НВО, за подобро запознавање со проблемите од аспект на граѓаните.

5. Во член 31, став 2, се додава точка 12)

„12) да забрани користење на зборови, фрази, реченици, теми на разговор, гестикулации и постапки што вознемируваат некој член на семејството или ги повредуваат неговите чувства.

*Центарот да може на родителите да им забрани да користат одреден збор, фраза или реченица што го вознемирува детето. Да може да им забрани одредени постапки, гестикулации, кај неразведени да го ограничи пристапот до детето, начинот на однесување кон него...*

Се додаваат нови ставови:

„Владата на РМ донесува уредба за евакуација на деца од неподнослива семејна атмосфера.

Двајцата родителите се должни да го издржуваат детето доколку им биде одземено по сила на закон или по сопствена слободна волја на детето, времено или трајно биде удомено кај роднини, пријатели, семејство за згрижување или во установа.“

*(Во уредбата би биле опфатени условите и начинот како ова ќе се врши и, и најважно, одредби за заштита од злоупотреба на оваа можност, или да се опфати со законов можност детето по своја волја да биде сместено на друго место)*

6. Во член 32 се додава став

„Парите се уплатуваат на сметка на жртвата.“

*На овој начин, казнувањето нема да биде со цел парите да одат во државата туку со цел спречување на насилство и помагање на жртвата. Вака казната ќе има поголем ефект кон спречување насилство.*

7. Во член 34 се додава став 3:

„Предлог за дете може да поднесе и роднина, пријатели, воспитувач, установа или самото.“

Се додава и став:

„На барање на родител, центарот врши увид за ненаменско користење на издршката за дете и да наложи тоа да се коригира или за тоа да го извести судот.“

8. Во член 37 став 1 после зборот „Привремената“ се додава зборот „судска“ и се додава став 2:

„Привремената мерка за заштита од семејно насилство до три месеца може да издаде центарот.“

*Сметаме дека центарот може да дава времени мерки до три месеца, а судот до една година.*

9. Во член 49 се додава став:

„Министерот за труд и социјална политика со акт утврдува листа на постапки што се сметаат за семејно насилство, што не е конечна.“

*Ова е многу важно, точно да се утврди што се спаѓа во семејно насилство за да не се толкува кој како му одговара. Може да се направат и посебни листи што се сметаат за социјални насилства, за психолошки насилства и малтретирање, вознемирување, штетно влијание од родител и сл. Инаку кривичниот законик и кривичната постапка штитат од секакво насилство па и семејно.* ***Без оваа разработка, овој закон е бесмислен.***

***Најдобро и најделотворно е на неколку страни да се допише во законот што спаѓа во семејно насилство и за истите се предвидат превентивни мерки, помош, казни и друга врста заштита.***

10. Бараме во законот да се предвидат, препораки, поуки, најдобри практики, макар во подзаконски акти.

*Не може се да се предвиди со закон, но во форма на препораки би имало некакво позитивно дејствие.*

11. Да се изготви листа што не спаѓа во семејно насилство или да се стави член или подзаконски акт. Пример:

*Не се смета за семејно насилство доколку брачните другари сакаат игри од типот „садо-мазо“, „нели јас сум во право“, „кој е главен тука“, „жртва и/или спасител“ или „кој ќе победи“ по договорени правила на играта до кои се придржуваат и ги играат подалеку од децата.*

*Да се предвидат исклучоци. Секому може да му се случи да покачи тон или да му излета некој збор, тоа е дел од животот. Дури и клоца да му бапнеш на некој (по)голем не е страшно. Само да не се повторува често и понастрана од децата.*

12. Да се размисли за радикални мерки од типот:

- Развод на брак по сила на закон, како што е одземање на деца по сила на закон. Па да видиме дали ќе се тепаат.

*Често партнерите немаат храброст да се разведат ниту сакаат да се смират, а тоа е погубно за децата и семејството.*

- Да се предвидат затворски казни за родителите доколку здраво дете се самоубие.

*Свесни сме дека родителот со тој чин е доволно казнет, но постоење на таков член секако ќе допринесе родителите да си ги преиспитаат ставовите и поведението. Ова секако ќе придонесе за поквалитетно родителство. Мерката е исто како во сообраќајка родителот да си го убие детето па оди в затвор.*

13. Да се предвиди посебна заштита на и од душевно болни, како и заштита од психопати, во смисол на превенција.

14. Да се предвидат казни и за не придржување до подзаконските акти.

Потребно е едновремено да се подготват подзаконските акти и да се дадат на мислење во Секретаријатот за законодавство. Она што тие ќе кажат дека е законска материја да биде ставено во законот.

15. Да се вметнат членови и предвидат казни. Се разбира, во контекст на текстот овие предлози може да се доработат, и ве молиме вашите експерти да ги надополнат.

Член П1 (Предлог 1)

Доколку постои некаква семејна дисфункција, и не можат да ја надминат, семејството е должно да побара помош.

Министерот со акт донесува листа на семејни дисфункции, но таа листа не е конечна.

Член П2

За насилство се смета злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности и тоа:

- го злоупотребува детето за пресметки со другиот родител;
- поднесе лажна пријава или информации дека другиот родител го злоупотребува родителското право;
- лажно (писмено) пријави семејно насилство;
- самиот се обидува да ги попречи или ги попречува личните односи и непосредните контакти на постојана основа со другиот родител, или со лажни искази и докази го наведува центарот или судот да го направи тоа;
- ненаменски ја троши издршката за детето
- ненаменски ги троши семејните средства
- спроведува физичко, психичко, ментално, духовно, душевно, социјално, или емоционално насилство над детето, или со лажни искази и докази го наведува центарот или судот на институционално насилство;

- го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст;
- му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанци;
- го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија;
- го напушти детето подолго од три месеца и не се грижи за детето,
- ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

Насилство е и кршење на конвенциите и меѓународните акти
- Конвенцијата за правата на детето,
- Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените,
- Универзална декларација за правата на човекот,
- Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права,
- Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права,
- ЕУ Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи,
- Конвенција за заштита од семејно насилство (Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence)
- ЕУ Конвенција за контакт со дете (Convention on Contact concerning children)
- Council of Europe Convention on the Protection of Children against Sexual Exploitation and Sexual Abuse
- European Convention on the exercise of children's rights
- European Convention on recognition and enforcement of decisions concerning custody of children and on restoration of custody of children
- European Convention on the legal status of children born out of wedlock
- European Convention on the Adoption of Children (Revised)
- Convention on protection of children and co-operation in respect of intercountry adoption
- Convention on the civil aspects of child abduction
- Convention on Jurisdiction, applicable law, recognition, enforcement and co-operation in respect of parental responsibility and measures for the protection of the children

Член П3

Членовите на семејството, немаат право да си судат едни на други. Ниту да се обвинуваат.

Никој не смее на другиот да наметнува чувство на страв, вина или срам.

Никој нема право да ги повредува емоциите/чувствата на другиот.

Забранети се емоционални уцени, условувања и закани, особено врз децата.

Забранети се било какви закани, уцени или условувања.

На возрасните им е забрането демонстрација на моќ и надмоќ, особено врз деца.

Забрането е постојано повторување на една иста реченица и една иста непријатна гестикулација.

Забранети се постојани критики и коментари, особено ако на некој му смета.

Децата не се должни да бараат дозвола од родителите за работи за кои се зрели самите да одлучуваат и ги прават.

Никој нема право да забрани или попречи нечија љубов.

На родителите им е забрането употребата на тешки зборови. На дечињата им е дозволено слободно изразување, особено дома, а родителите и на тој начин дознаваат што на детето му се случува внатре во него.Забрането е премолчување на нешто што е важно.

На возрасните им е забрането да водат инает.

На возрасните им е забрането употребата на тешки зборови.

На родителите им е забрането да користат негација и зборот „не“, особено кога се обраќаат. Она што е невозможно, или според нив недозволиво, на друг начин го сервираат и го образложуваат.

Забранета е употребата на префиксот „нај“, изрично е забрането при воспитување на децата.

На возрасните им е забранета употребата на зборот „лаже, лажеш“, особено е забрането при воспитување на децата. На дечињата им е дозволено, и дозволиво е сопствените проблеми да си ги решаваат преку фантазиите нивни.

Забрането е да се тераат децата да прават нешто за што не се дораснати или подготвени, ниту родителите постојано да прават за детето нешто што може самото.

Забрането им е на родителите да се однесуваат со децата како да се нивна сопственост.

Забрането е да се тераат децата да постигнат нешто што возрасните `си мислат дека не го постигнале`.

На родителите им е забрането својата волја со сила да им ја наметнуваат на децата.

Никој не смее да тера некого да јаде. Никој не смее да тера некого да јаде нешто што не сака.

Забрането е со децата да се постапува строго и сурово.

Забрането е понижување (и величање), особено на децата. *Да се предвидат казни.*

Облекување и потстригување на децата се прави во договор со нив.

Никој не смее да ги тера децата да прават нешто што не сакаат. *Доколку родителите сакаат нешто да им наметнат на децата, го прават со љубов и со будење на интерес кај детето за тоа нешто.*

Министерот за труд и социјална политика ќе изготви листа што укажува на неправилно воспитување.

Член П4

Во конфликтни ситуации, доколку самите не можат да се разберат/спогодат, примена на законот за медијација е задолжителен сѐ додека не се исцрпат сите шанси за меѓусебно разбирање, пропратено со советувалишта и психотерапија.

Член П5

Да се вметне член што ќе штити од Контролни драми и игри(ци), според авторите James Redfield и Ерик Берн

*Контролните драми и игрите се дозволени само на ниво на разонода и забава за сите учесници во игрите и драмите.*

*Штом некој не ја прифаќа играта и драмата, каже дека му сметаат или ситуацијата почне да се влошува, иницијаторот треба да се повлече, а неговиот внатрешен проблем да го произнесе и разреши со искрено кажување на неговите моментални чувства, потреби и очекувања. Другиот и другите, покажуваат разбирање за него, особено за неговите чувства и потреби.*

*Исто така треба да се предвиди заштита од Карпмановиот (драмскиот) триаголник. Макар само со едукација.*

Член П5 (Прекинување)

Забрането е прекинување, особено на децата.

По исклучок од став еден, дозволено е прекинување кога тоа е неминовно. Прекинувањето во вакви случаи се врши внимателно и нежно, со екстра почит, љубов и разбирање. Притоа се дава извинување и образложение за прекинувањето.

*Најстрого е забрането прекинувањето. Тоа е исто што и силување.*

Член П6 (Трансфер)

Забранет е негативен трансфер.

Негативен трансфер во овој член подразбира личните фрустрации од минатото, од иднината, од реалноста, или од фантазиите (илузиите), немаат право да се истураат врз најблиските во семејството.

Член П7 (Треба и мора)

Дома, во семејството (и во емотивниот живот), забранета е употребата на зборовите „треба да" и „мора да".

Кога се искажува потреба, се користи „имам потреба" или „мене ми треба".

Препорачливо е почесто да се користи зборот „јас сакам, сакам да" и да се почитува тоа.

Член П8

Во непријатни ситуации, забранета е употребата на прашалното зборче „зошто". Наместо него се употребува „што" и/или „како" (дојде до тоа, или се случи тоа), и се фокусира на излезот и решението. Сите покажуваат разбирање за ситуацијата.

*Па психолошко ниво, прешалното зборче „зошто" во себе содржи обвинување.*

Член П9

(Изнудување)

На возрасните им е забранета реторика што кај децата изнудува одговор и постапки какви што сакаат возрасните.

Возрасните треба да го избегнуваат зборчето „нели".

На возрасните во комуникација со децата забрането им е да поставуваат „нели-прашања".

Член П10

Родителите својот став кон животот и другите работи го усогласуваат.

Најстрого е забрането, на децата да им се праќаат контрадикторни (спротиставени) пораки. Ова особено важи за невербалните и имплицитните пораки, како и за вербалните и писмените пораки.

На родителите им е најстрого забрането амбивалентно однесување кон децата.

Член П11

Секое дете самото си одбира кој родител повеќе го сака. Родителите тоа го почитуваат и го поддржуваат. Оваа тема се избегнува за разговор.

Член П12

Доколку детето често се разболува, повлечено или нема другарчиња, слабо го совладува градивото за учење, пелтечи или невообичаено се здебелува, Центарот за социјални работи, по своја иницијатива може да ги разгледа околностите за овие појави и да преземе мерки.

Истото важи доколку детето станува опседнато и зависник од компјутери, видео игри или е изолирано и постојано му е здодевно и сл.

Член П13

(Слободно доживување на чувствата)

Забрането е таење, криење, потиснување на болка, бес, гнев, омраза, презир и незадоволство. Тие се изразуваат на, за возраста, природен и социјално прифатлив начин. За болката и стравот отворено се зборува и се пуштаат да исчезнат.

На децата дозволено им е и препорачливо е својот бес да го исфрлаат и покажуваат дома.

На родителите забрането им е својот бес да го исфрлаат, покажуваат и истураат дома.

Член П14

Секој е должен своите очекувања од другиот или од себе да ги сведе на минимум и да проговори за нив.

Секој, на другите дома, им дава јасно до знаење за неговите потреби и желби. Вербалниот и невербалниот начин на кажување како и постапките треба потполно идентично да кажуваат.

Во бракот и семејството комуникацијата и конверзацијата главно е хоризонтална. Обраќањето започнува во прво лице еднина (јас, мене, моето) и се раскажува за себе. Понатака така се продолжува и искрено се кажува сопственото субјективно доживување и личните чувства по сите прашања од разговорот. Соговорникот е должен да покаже разбирање за тоа што другиот го кажува, колку и да му изгледа нелогично.

Возрасните се должни да ги разберат децата. Децата не се должни да ги разберат возрасните.

Забрането е вкрстување на трансакциите. (Ерик Берн)

Во одговор се дава фидбек, а коментари се избегнуваат.

Родителот не смее своите идеи, планови, концепции и проекции за детето да ги наметнува на детето. Родителот треба да се откаже од, или да биде свесен за, сопствената идеја за нечиј друг живот. (*Изворот на сите човекови проблеми, и на човештвото воопшто, е сопствена идеја за туѓ живот. Ова важи на интимно, семејно, локално и глобално ниво.)*

Член П15

Министерот за труд и социјална политика пропишува препораки и поуки како е најдобро и/или поволно да се постапува со дете во семејството. Тоа се одредби кои немаат предвидено казни, но будат свесност кај родителите и институциите, и нивната примена е оставена на совеста на родителите и возрасните.

Член П16

Немање милување, бакнување или сладок секс во бракот може да се смета за сексуално вознемирување, малтретирање и/или насилство доколку сопружникот што не сака да го прави тоа, не му дозволува на другиот да го прави надвор од бракот.

Прилог 1

*Ова е најдобро да влезе во законот, или алтернативно да се опфати со подзаконски акт.*

За семејни дисфункции се сметаат долу наведените ставови и душевни состојби, но оваа листа не е конечна.

- Сопружник не осамостоен од семејството по потекло.
- Не прифаќање на своја улога на сопружник, родител, домаќин/ка
- Не прифаќање на дете, такво какво е.
- Преголеми или нереални очекувања од членовите на семејството.
- Не го љуби ближниот
- Не толеранција
- Детето или сопружникот го смета за не рамноправен субјект (од ниж или подолен ранг)
- Немање пријателство, доверба, почит, разбирање, искреност, прифаќање, проштевање...
- Не носење заеднички одлуки
- Постојано присуство на непријатни чувства кај некој член.
- Ако некој зел улога на жртва или спасител за бракот, семејството или децата.
- Вербално постојано едно им кажуваат на децата, а невербално постојано друго покажуваат.
- Пасивна или тивка агресија
- Не кажување на свое непријатно доживување
- Не давање поддршка во нормални/здрави ситуации, особено на децата.
- Не покажување на чувства и емоции.
- Држење на децата во `стаклено ѕвоно`
- Живот во брак без љубов, симпатија или привлечност
- Не почитување на својата и/или субјективноста на другиот
- Доколку едниот родител си земе поголеми родителски права врз детето од другиот
- Доколку своите права се стават над правата на децата
- Доколку не го перципираат детето и неговиот интерес и не му даваат поддршка во својот избор, освен во патолошки случаи.
- Не ги земаат ги предвид детскиот инстинкт, интуиција и нивната слободна волја.
- Доколку дете не сака некој од родителите
- Доколку настојуваат да се остварат себе си преку детето
- Доколку ги држи другите во заблуда
- Неверство
- Доколку во брак без согласност од сопружникот направи дете со друг
- Доколку средствата ги користи за луксузи наместо за потребите на семејството.
- Не правење разлика помеѓу чувство на одговорност и чувство на вина.
- Друга семејна состојба што попречува нечија радост, спокој, раст и развој и сл.
- Живеење во, односно не ослободување од, минатото
- Кога меѓусебната комуникација наместо во прво лице еднина „Јас, мене“ започнува во второ или трето лице „ти, тој, тие“
- кога во конверзацијата се вкрстуваат на трансакциите.
- Штетно влијание од родител

Прилог 2

За насилство или малтретирање се смета долу наведеното, но оваа листа не е конечна. *Ова е подобро да влезе во законот или барем во подзаконски акт*

- Строго ритмичко доење
- Не држење в раце на детето колку што му е потребно и бара.
- Недоволно гушкање колку индивидуално му е потребно на поединецот.
- Доколку едниот родител или негови роднини не му дозволуваат на детето да се гледа со другиот родител на постојана основа (член 9 од конвенцијата за правата на детето) и да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете на постојана основа.
- Доколку не едниот родител не му се доставуваат информации
- ако не се зема предвид слободната волја на детето
- ако се носи одлука за друг без да се консултира него
- ако го одвои детето од родител против волјата на детето
- го попречува или ограничува гледањето на детето со физички одвоениот родител
- доколку возрасниот постојано повторува едно исто што му смета на детето или на другите
- ги повредува чувствата на другите
- му го загорчува животот на некој од семејството
- Членовите на семејството, немаат право да си судат едни на други, ниту да се обвинуваат.
- Никој не смее на другиот да му наметнува чувство на страв, вина или срам. (клеветење, набедување, исмејување, потсмев, понижување)
- Никој нема право да ги повредува чувствата или емоциите на другиот.
- Секој е должен да ги почитува емоциите на другиот и да внимава како другиот се чувствува.
- Забранети се емоционални уцени, условувања, закани или казни. Особено најстрого забранети се емоционални казни, закани, уцени и условувања врз децата. Забранети се било какви закани, уцени или условувања.
- За возрасните забранета е демонстрација на моќ и игри на надмоќ.
- Брачните другари не водат сметка, децата и тие самите, да живеат во топло семејно гнездо и срдечното семејно окружување.
- Поединецот во својот живот не се однесува најчесно и најдобро кон својот брачен другар и децата.
- Со должно внимание не се зема превид и почитува мислењето на детето, во секоја сфера и секој поглед од неговиот живот. (Член 12 од Конвенцијата за правата на детето.)
- Доколку еден од родителите е во можност и сака да го чува детето во брак или по развод, а другиот родител го дал да го чуваат други и трети лица.
- катадневна дискриминација на дете
- го одвојува детето од родител против негова волја.

*(Ова е членот 9 поврзано со членовите 7 и 18 од Конвенцијата за правата на детето. Истото го кажува и член 4 од ЕУ конвенцијата за Contact Concerning Children. Никој, подразбира ниту родител, ниту законски застапник ниту центарот за социјална работа освен судот во случајот опишан на начин во Конвенцијата.)*

Прилог 3

Колку за илустрација, во можност сме секој предлог да го поткрепиме со аргументи. Истото го очекуваме и од надлежните лица.

Да се предвиди, кога и во кои услови немање секс во бракот, може да се смета за сексуално вознемирување или злоставување. Ова го имаат некои религии.

Експертите велат дека ова не е само сексуално малтретирање туку и психофизичко насилство дури и злоставување доколку се прави со намера да се повреди сопружникот. Литературата ова го опишува како еден од најстрашните видови на пасивна односно тивка агресија.

Тоа може да е сериозна закана по здравјето како врз оној што го сака сопружникот така и врз оној што не го сака сопружникот.

Од друга страна, ако едниот сопружник не сака, а е согласен да има секс против негова волја, тогаш можно е да се чувствува силуван, а да немаш секс со љубениот сопружник може е да се чувствуваш изневерен и изнасилен.

Факт е дека немањето секс во бракот е многу штетно, но тоа едновремено е и многу сложена ситуација па така не може лесно законски да се предвидат казни, но може во законот да се спомне дека е насилство и, во зависност од ситуацијата, да се бараат други начини на решавање на проблемот. Како на пример:

1. Кога двајцата не сакаат да имаат меѓусебен секс, а сакаат да останат во законски брак и физичка заедница да се договорат секој, доколку сака, да може да си има секс надвор од бракот и да се поддржуваат во тоа.

2. Доколку некој (сексуално) не го сака сопружникот и/или не му возвраќа со сладок секс, а воедно не му дозволува да има секс надвор од бракот, да биде суден за сексуално малтретирање или злоставување.

3. Доколку едниот си го сака сопружникот, а тој него не, и поради морални, религиозни, љубовни или други причини првиот не сака да има секс надвор од бракот е најсложена ситуација и тука секој засебен случај треба да се третира индивидуално.

Луѓето не сакаат да имаат секс надвор од бракот од многу лични, сложени и кумулативни причини. Морални, религиозни, си го љубат сопружникот, моногамност, страв од болести, страв да не го остави сопружникот дури и кога декларативно му дозволува секс надвор од бракот, да не се расчуе па да ги повредат децата и други индивидуални причини различни кај секого или едноставно не можат лесно да си најдат партнер затоа што другите не сакат да имаат врска со човек во брак. Ако ваквите немаат сладок секс со сопружникот тогаш се судруваат со многу сериозна ситуација опасна како по нивното здравје така и по функционалноста на бракот и семејството. Инцест често се појавува во семејства каде брачните другари немаат сексуален живот, ниту во ниту надвор од бракот.

Слаткото милување, бакнување и секс се физиолошки потреби (метаболични), без кои не се векува. Може само краткорочно да се издржи или постојано да се бараат супститути кој краткорочното издржување го пролонгираат малку подолго. Но супститутите се квази задоволување на организмичките потреби кои што навидум помагаат, а можат само да ја пролонгираат агонијата и да доведат до болести и дисфункционални семејства.

Предлог текст:

„Немање милување, бакнување или сладок секс во бракот може да се смета за сексуално вознемирување, насилство и/или малтретирање доколку сопружникот што не сака да го прави тоа, не му дозволува на другиот да го прави надвор од бракот."

Прилог 4

Каде ова да се вметне?

„Деца најдобро се воспитуваат невербално и со постојани лични и сопствени примери и поведение.“

„Толеранција во бракот и семејството е правило, а не исклучок.“

„Родителите треба да бидат свесни за фактот дека детето, за да оствари хармоничен развој на личноста, треба да расте во семејна средина, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање.“

Родителите (треба да) покажуваат интерес и разбирање за потребите на децата. Треба да имаат свест и свесност за посебноста на детството и посебноста на секое дете индивидуално.

Детството е период од животот во кој децата имаат право да уживаат без наметнување од страна на возрасните.

Децата се беспомошни, невини суштества на кои им е потребна постојана родителска грижа и внимание, различна за секоја возраст.

Децата во зависност од возраста треба да се чувствуваат заштитени од суровата реалност. Не смеат да бидат изложени на голем стрес во било која сфера на своето живеење: во училиштето и воншколските активности, во секој сегмент на нивниот социјален живот, а најмалку во семејното окружување.

Родителите, во зависност од возраста, немаат право да ги држат децата во `стаклено ѕвоно` каде се сосема безбедни и настрана од светот на возрасните, туку ги подготват своите деца за предизвиците кои ги носи процесот на растењето и животот.

Родителите развиваат свесност за перцепцијата и проекцијата за детето. Треба да бидат свесни дали го љубат и почитуваат детето или ја љубат и почитуваат сликата што си ја замислиле за него. Да размислат дали попрво би се откажале од детето или од сонот што го имаат за него.

Секој родител е должен да му овозможи на детето чувство дека двата родитела му се речиси подеднакво битни.

Вниманието на детето треба да биде свртено кон себе.

Детето самото си го организира своето слободно време.

Бивши сопружници наместо да им сервираат стресно секојдневие, треба да тежнеат на децата да им овозможат среќно и безгрижно детство.

Родителите немаат право да го контролираат детето постојано, но треба да поставаат граници. Широчината на границите зависи од возраста на детето.

Родителите се должни да се откажат од своите очекувања од детето, но не од детето.

Родителите треба да бидат позитивни и негувачки. Позитивно критичко родителство дозволено е многу ретко и во исклучителни случаи, а негативно родителство е апсолутно забрането.

*Доколку дете не сака да се гледа со еден родител, центарот ги праќа двата родитела на индивидуална, семејна или групна психотерапија, консултации или правци за личен раст и развој се додека детето не ја надмине таа состојба.*

*(Според докторска дисертација на д-р Драгана Батиќ.)*

## О б р а з л о ж е н и е

**Препознавајќи** ги досегашните искуствата;
**Прифаќајќи** ја значајноста на поуките од минатото;
**Свесни** за добивката од превентивните мерки;
**Давајќи** значај на душевното здравје, како предуслов за физичкото здравје
**Поаѓајќи** од ставот дека Министерството има потреба од соработка со граѓанскиот сектор за надминување на трендот на семејно насилие
**Иницирајќи** здраво живеење на духовен и душевен план,
**Подготвени** да се соочиме со одговорноста
**Под мотото:** Здраво семејство, здраво општество,

дадовме вакви предлози каде со поквалитетно семејно живеење ќе се води подобар живот севкупно.

Се извинуваме што текстот изгледа како недоработен, не пречистен. Рокот кој ни го дадовте е премногу мал, а начинот како нѐ вклучивте е некреативен. Структурата на нацрт текстот речиси да не даваше можност за конструктивни предлози.

**Кратко појаснување за предлозите на Законот за заштита од семејството**

Овие предлози на Законот се неминовни за намалување на семејните трагедии, се друго е само црно мртво слово на бела хартија.

Со пакет мерки кои ќе вклучат измени и примена на овој и законите за семејство, социјална заштита, детска заштита, правда за децата, еднакви родови можности, дискриминација и други акти и со воведување нови институционални практики ќе се придонесе за подобра општа благосостојба со приоритет на нематеријалните вредности.

Ќе се придонесе до намалување на семејни трагедии, насилства и криминал со подобра социјална политика за семејството како институција и бракот како темел и столб на семејството и општеството.

Веле Митевски
16.07.2014